**Извадок од прес конференцијата одржана на 07 Септември 2012 година по повод дискусиите од надзорната расправа за распределба на субвенциите оддржана во Собранието на 04 Септември 2012 година**




Директорот на Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, Тони Димовски изнесе детални информации во врска со субјектите, кои беа посочени на надзорната расправа, а за кои во Собранието немаше услови да даде одговор. Во таа насока, беа изнесени документи, извештаи од ГПС мерењата на посочените парцели, извештаи од извршеното

планиметрирање и фотоинтерпретација на орто фото снимки и фотографии од теренските контроли, со што беше потврдено дека наодите од расправата не се точни. Димовски појасни дека Агенцијата го има истиот сериозен пристап, како во однос на теренските контроли за ИПАРД, така и во делот на контролите на терен за националните мерки, директните плаќања и поддршката за рурален развој. Во функција на подетално елаборирање на наодите од надзорната расправа збор зема и директорот на Државниот инспекторат за земјоделство, Румен Стаменов. Тој беше дециден дека средствата се распределуваат по единствен критериум, исполнетост на условите за апликација и пропишаните правила. Раководителот на Секторот за контрола на терен при Агенцијата, Панче Арсов нагласи дека по дојавите од надзорната расправа се извршени дополнителни заеднички контроли на терен од страна на Агенцијата и Инспекторатот и дека е констатирана невистина во однос на состојбите посочени на расправата.